


## ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ

***Според делото „Во чест на свети Кирил и Методиј“, од авторите Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин, (Матица македонска, 1994, 1-212) доаѓањето во вечниот град Рим не беше само оддавање почит на делото на свети Кирил Солунски и неговиот брат Методиј, туку и презентирање на достоинствата на Македонската православна црква и културата на македонскиот народ, која се базира токму на азбуката и писменоста што овие просветители ги втемелија во словенството, вградувајќи го јазикот на македонските Словени во писменоста на Словените, Од 1971 година манифестацијата беше именувана како „Денови на. Македонската култура во***

***Рим".***

Манифестацијата *„Македонските денови на културата во Рим"* во 1971 година почна на денот на свети Кирил и Методиј, со оддавање почит на кирило-методиевското дело на гробот на свети Кирил Солунски. Свеченоста се одржа во базиликата „Свети Климент Римски", во нејзината длабочина, таму каде што се наоѓа првобитната црква, којашто уште во 386 година е спомнувана во записи како една од најзначајните и најубавите, а свети Кирил Солунски, претчувствувајќи го својот близок крај, во 869 година изразил желба тука да го најде својот мир. Посмртните останки на свети Кирил Солунски се наоѓаат во новоподигнатата базилика која се темели на старата во капелата на Јосип Јурај Штросмајер.

По повод празникот на светите сесловенски рамноапостоли солунските браќа свети Кирил и Методиј, од 23 до 29 мај 1971 година во Рим престојуваше делегација на Македонската православна црква и на општествено-културните работници на СР Македонија, и тоа: црковната делегација ја предводеше злетовско-струмичкиот митрополит г. Наум, во придружба на протоереј-ставрофор Стојче Петров и протоѓаконот Стојан Јанковски, додека членови на културнопросветната делегација на Македонија ја предводеше Феми Муча, помошник: републички секретар за внатрешни работи.

Заедно со делегацијата во Рим од Македонија допатуваа Хорот на Радио-телевизија Скопје со своите солисти Елисавета Христова и Благој Николовски, како и диригентот Драган Шуплевски.








[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**